# ЗАПИСНИК
## од средба со граѓани одржана на 16.12.2023 година

Градоначалникот Тимчо Муцунски, претседателот на Совет, Дејан Митески, секретарот на опшината и раководителите на Сектори и Одделенија на ден 16 декември (сабота) во просториите на Општина Аеродром одржаа отворен ден за средба со граѓани. За отворениот ден општината имаше јавна објава на WEB страната на општината и во медиуми, со покана до сите заинтересирани граѓани да земат активно учество со цел подготовка на Буџет кој ќе биде во насока на реализација на што поголем број на проекти потребни за граѓаните, во рамки на можностите.

На средбата, граѓаните имаа можност да земат активно учество во креирањето на општинскиот буџет за 2024 година преку нивните барања, идеи и проекти за подобрување и унапредување на условите за живот во Општина Аеродром.

Жителите на Општина Аеродром ги дадоа следните барања и предлози:

- Изградба на пешачка патека во непосредна близина на главниот влез од ООУ „Лазо Ангеловски“ кај сендвичарницата „5“, со објаснување дека кога е врнежливо децата и родителите се лизгаат на тој дел, а се внесува и кал во дворот на училиштето, како и во самото училиште;
  - Се утврдува теренската можност за реализација на ова барање, во рамки на планирани средства во Буџетот.
- Редовно чистење и собирање на листовите, особено во есенскиот период;
  - Општината има предвидено средства за чистење во Буџетот за 2024 година.
- Поставување подземни контејнери;
  - Ова активност е во надлежност на Градот Скопје, како основач на Јавно Претпријатие „Комунална Хигиена“ – Скопје кое е надлежно за собирање и менаџирање со сметот на територијата на Град Скопје.
- Замена на кантите за отпадоци на целата територија на општината;
  - Замената и поставување на нови се одвива континуирано секоја година, но за жал опремата се оштетува од страна на граѓаните
- Отстранување на хаварисаните возила на повеќе локации на територијата;
  - Започната е постапката, во тек е обезбедување на локација на која истите ќе се депонираат по нивното подигнување.
- Поставување заштитни метални столпчиња на дел од главната улица во Горно Лисиче затоа што се паркираат возила и се создава застој во сообраќајот;
  - Се планира решавање на проблемот со воведување на еднонасочен режим на сообраќај на овој потег преку надлежни институции.
- Да се воведе еднонасочен сообраќај околу трговскиот центар во населба Лисиче, каде што возилата не можат да се разминуваат поради паркирани возила на самите улици, а фреквенцијата во тој дел е голема во текот на целиот ден;
  - Ќе се постапи по барањето, со тоа што во 2024 надлежниот сектор ќе треба да изготви сообраќајно решение и истото да се достави на одобрување до Град Скопје и МВР.

- Изградба на паркинг простор на местото викано Пирин во Населбата Лисиче;

  - Голем дел од земјиштето е приватен имот и не може Општина Аеродром да гради.
- Изградба на игралиште во Населбата Лисиче кај Пирин;

  - Голем дел од земјиштето е приватен имот и не може Општина Аеродром да гради. Општината планира опционално решение за реализација на спортски и забавни паркови во на овој потег.

  -Уредување и проширување на мостовите над Усјанскиот канал, како и мостот над Маркова Река на патот што води кон Долно Лисиче;

  Општината има подготвено проектна документација за реконструкција и проширување на мостот на Маркова река, се чекаат согласности од надлежни институции за сообраќајното решение по што ќе се утврди динамика на реализација и обезбедување на средства.
- Одржување на системот за полевање на тревните површини во Ново Лисиче и на други локации;

  - Овие системи се предадени по изградбата на ЈП Паркови и зеленило и ќе се реагира кај нив да се обнови и пушти истиот во употреба
- Уредување на просторот зад трговскиот центар „Капитол“

  – Средства беа предвидени од општинска обврзница во 2023 година, но поради не добиена согласност од Владата истиот не беше спроведен. И во Буџетот за 2024 исто се предвидува да се реализира со средства од обврзница.
- Изградба на нови детски градинки и зголемување на капацитетот на веќе постојните градинки;

  - Во 2024 се предвидени средства за да се започне со доградба на детска градинка, која реално е голем капитален проект и се планира да се заврши во период од две години.
- Обнова на оштетените и дотраени фасади на згради за домување;

  - Ќе се разгледа методологијата која се користи за оваа намена, со цел да се излезе во пресрет на граѓаните
- Субвенции за обнова на азбестни кровови;

  - Во 2024 година ќе се направи анализа со податоци за број кровови за кои има потреба да зе заменат, а се од нееколошки материјал, со цел да може да се направи одреден план за потребни средства за оваа намена
- Обнова на игралиштето кај Амбулантата во Лисиче;

  - Ова игралиште е направено во 2023, но брзо е демолирано, Општината планира средства за обнова и реконстркција на сите детски и спортски игралишта. Се работи и на подготовка на план за да се заштити опремата која многу често е предмет на демолирање
- Изградба на нови детски катчиња и спортски игралишта;

  - За изградба на овие објекти се предвидени средства во Буџетот за 2024 година
- Доизградба на паркот на улица „Пандил Шишков“ во Стар Аеродром;

  - Потпишан е договор со Град Скопје за меѓуопштинска соработка и во координација со нив ќе следи уредување

- Обележување на паркинг местата во Ново Лисиче;

  - Во делот каде што нема зонско паркирање, а реално нема ни недостиг на места во моментов за паркирање, не се обележуваат паркинг местата
- Воведување зонско паркирање на повеќе локации на целата територија на општината;

  - Започната е активност со ЈП Градски Паркинг по извршена анкета на граѓаните и на дел ќе се воведе во 2024 година

Изготвиле:
Соработник за соработка со печатени
и електронски медиуми
Александра Милевска-Петровска

Раководител на Сектор за финансиски прашања
Гордана Клинчарова

Секретар на Општина Аеродром
Јулијана Павковска-Боцевска